Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
# М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје

## КОНФЕРЕНЦИЈА UNIDO

На ден 10 Октомври 2008 година на Машинскиот факултет се одржа конференцијата "Почисто призводство 2008". Конференцијата како и Центарот за Почисто Производство е финансиски подржан од Федералното министерство за европски и меѓународни работи на Австрија и имплементиран од УНИДО. Во рамките на конференцијата одржано е кратко излагање на сите кои учествуваа во проектот а тоа се: националните експерти и компаниите од Македонија, кои потоа добија и соодветни признанија за работата која ја завршија за време на проектот. На конференцијата покрај веќе спомнатите, присуствуваа и претставници на разни министерства на Владата на Република Македонија, од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Штуловиот Универзитет и бројни претставници од компаниите во Република Македонија.



## САЕМ ВО НИРНБЕРГ - ГЕРМАНИЈА

Машинскиот факултет - Скопје учествуваше на меѓународниот саем за ладилна техника, климатизација и топлински пумпи во Нирнберг - Германија од 15 до 17.10.2008. На сопствен штанд беа презентирани компјутерски програми од соодветната област. Машинскиот факултет е претставен во саемскиот каталог на неколку места, како и не веб страницата www.chillventa.de.




Ова е наше осмо учество последниве 14 години, и претставува квалитетна афирмација на нашиот факултет и на Република Македонија.

## АКТИВНОСТИ НА ЕИИЦМ

На покана од Европската Комисија, од 6 до 9 октомври 2006, доц. д-р Виктор Стојмановски, менаџер на ЕИИЦМ престојуваше во Брисел, во рамки на настанот Денови на Европски региони и градови. На средбите се разговараше за пристап кон Европските фондови за поддршка на научни истражувања и регионален развој. Од 21 до 25 октомври, во организација на Европската Агенција за Конкурентност и Иновации (ЕАКИ) во Брисел, се одржаа работилници за меѓународна соработка во областа на трансфер на технологии, иновации, начини на учество во FP7 проекти. На овие средби беше промовирана идеја за научна соработка на Универзитетот "Св Кирил и Методиј" со Bavarian Research Alliance, во која членуваат универзитетите и научните центри на Баварија, каде посебно место треба да најде Машинскиот факултет. Во Секторската група за Автомобилска индустија, транспорт и логистика на ЕАКИ Доц. д-р Виктор Стојмановски е избран за претставник на Македонија. Првата средба е најавена за 4-5 ноември 2008 во Милано, Италија во организација на универзитетот Bicocca во Милано.

## КОНФЕРЕНЦИЈА TEMPUS

Во рамките на семинарот Numerical Simulation Program in Mechanical Engineering одржан во Охрид од 26 до 30.10 2008 година свои излагања и презентации имаа доц. д-р Игор Ѓурков, Марија Каракутовска (канцеларија ТЕМПУС - МОН), проф д-р Дејан Вучинич (Брисел), проф д-р Здравко Терзе (Штутгарт), проф д-р Хрвоје Јасак (Лондон), проф д-р Тодор Нешков (Софија), д-р Шиме Маленица (Париз), вон проф д-р Валентино Стојковски, доц д-р Зоран Марков и доц д-р Виктор Стојмановски. Покрај ова, во рамките на овој семинар беа одбранети и две дипломски работи изработени од кандидатите Ролевски Ванчо и Арсов Дејан во соработка со Џонсон Контролс, а беше направена и кратка презентација на веќе одбранета дипломска работа од страна на Савев Душан дипл.маш.инж. Модератор и водител на семинарот беше проф. д-р Милан Ќосевски, а во текот на вчерашниот ден учесниците на семинарот ги поздрави деканот на Машинскиот факултет вон. проф. д-р Атанас Кочов.

Education and Culture

Сите информации да се доставуваат кај секретарката на деканот, тел. 3099-200, или по e-mail dekanat@mf.ukim.edu.mk

## ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ

По повод 20 годишната соработка помеѓу Машинскиот факултет во Скопје и Институтот за технологија на машини и автоматизација при Вроцлавската политехника во Полска, на 27.10.2008 година со почеток во 10 часот во салата за конференции се одржа Четврта меѓународна средба. Покрај многубројните заеднички достигнувања, одлика на досегашната соработка е доделувањето на титулата "Почесен доктор на технички науки" на Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје на Проф. д-р Хенрик Жебровски, редовен професор на Вроцлавската политехника во Полска.



Воедно, деканот на Машински факултет во Скопје, проф. д-р Атанас Кочов и деканот на Машински факултет при Вроцлавската политехника, проф.д-р хаб. инж. Едвард Хлебус, се договорија да се прошири и интензивира соработката помеѓу овие две институции. Во рамките на средбата внукот на професорот Жебровски, Адам Весоловски, студент на факултетот за економија и бизнис во Холандија одржа презентација пред студентите од Машински факултет во Скопје за своите искуства во областа на образованието.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на октомври 2008 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Никола Тунески, асс. м-р Дарко Бабунски, доц. д-р Зоран Марков во Италија
2. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ во Србија
3. Проф. д-р Алекса Малчески во Чешка
4. Проф. д-р Валентина Гечевска во Србија и Италија
5. Проф. д-р Атанас Кочов во Албанија и Босна и Херцеговина
6. Проф. д-р Атанаско Тунески во Србија и Италија
7. Проф. д-р Добре Рунчев во Србија и Италија
8. Пом. асс. Ташко Ризов во Србија
9. Пом. асс. м-р Емил Заев во Австрија
10. Доц. д-р Виктор Стојмановски во Белгија
11. Проф. д-р Александат Ношпал и Асс. д-р Ана Лазаревска во Италија на NATO ARW конференција
12. Асс. д-р Ана Лазаревска во Хрватска
13. Асс. м-р Александар Костиќ и пом. асс. Кристина Јакимовска во Франција

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.11.2008**
**2 СЕДНИЦА НА ННС**

### Техничко уредување:

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, октомври, број 74**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
МФС
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

На 1 Октомври 2008 година во Амфитеатарот на Машинскиот факултет се оддржа првиот свечен час за новозапишаната генерација на студенти во учебната 2008/2009 година. Свеченоста ја поздравија и со свое обраќање учествуваа Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија м-р Ивица Боцевски, Проректорот на Универзитетот Св.Кирил и Методиј Проф. д-р Елена Думова - Јованоска, г-дин Мајк Фриц, директор на УСАИД, Македонија и Потпретседалот на АЛУМНИ асоцијацијата при МФС, г-дин Златко Муцунски. Тие со своите инспиративни говори им се обратија на новата генерација студенти.



Бруцошите ги поздрави Деканот и им посака успешни студентски денови. Свечениот час беше соодветно медиумски покриен со новинарски и ТВ екипи.